**20111603523**

## АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Врз основа на член 40-б став (3) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/07, 24/11 и 136/11), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗАРАДИ НЕИЗДАВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ОДНОСНО НЕДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА ВЕТЕРИНАРНИТЕ СЛУЖБИ НА ОДГЛЕДУВАЛИШТЕТО ЗА ВРШЕЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИТЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето заради неиздавање на решението односно недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на решението за овластување на ветеринарните служби на одгледувалиштето за вршење на активностите од областа на здравствената заштита на животните во рокот утврден во член 40-б став (1) од Законот за ветеринарно здравство.

Член 2

(1) Барањето од член 1 на овој правилник се поднесува на образец: „Барање заради неиздавање на решението односно недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на решението за овластување на ветеринарните служби на одгледувалиштето за вршење на активностите од областа на здравствената заштита на животните“, во А-4 формат во бела боја, кој е даден во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

(2) Образецот на барањето од став (1) на овој член содржи: назив на органот до кој се поднесува барањето, место за датум и број на барањето, во средишниот дел назив на барањето, назив на правното лице подносител на барањето, седиште на правното лице подносител на барањето, краток опис поради што се поднесува барањето и место за потпис на подносителот на барањето.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-4464/4
9 ноември 2011 година
Скопје

Директор,
**Дејан Рунтевски,** с.р.

Прилог

ДО
Писарницата на директорот на
Агенцијата за храна и ветеринарство

Датум _______________
Број _________________

**Б А Р А Њ Е**

заради неиздавање на решението односно недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на решението за овластување на ветеринарните служби на одгледувалиштето за вршење на активностите од областа на здравствената заштита на животните

Од______________________________________________________________________
(назив на правното лице)

________________________________________________________________________
( седиште на правно лице)

Краток опис поради што се поднесува барањето:

Молам согласно рокот утврден во член 40-б став (4) од Законот за ветеринарно здравство директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство да постапи по барањето за овластување на ветеринарните служби на одгледувалиште за вршење на активностите од областа на здравствена заштита на животните поднесено под број _________________ од _____________ година до Агенцијата за храна и ветеринарство, чија копија Ви ја доставувам во прилог на ова Барање.

Барател

___________________